ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА

ГРАФИЧКИ БРЕВИЈАР

Галерија Копјар, Гундулиќева 11
10000 Загреб · 29.03-05.04.2012

spectrum
Galerije AMTKOPJAR

ORGANIZATOR IZLOŽBE: MAKEDONSKO-HRVATSKA UDRUGA SPECTRUM I GALERIJA KOPJAR · GUNDULIĆEVA 11, 10000 ZAGREB · UREDNICA DEPLIJANA: DIJANA TOMIĆ RADEVSKA · PREDGOVOR: KONČA PIRKOSKA · TISAK: SKENPOINT, SKOPJE · FOTOGRAFIJE: ROBERT JANKULOSKI · TEHNIČKA OPREMA IZLOŽBE: VLADO DIMOSKI

DIJANA TOMIĆ RADEVSKA

GRAFIČKI BREVIJAR

Galerija Kopjar, Gundulićeva 11
10000 Zagreb · 29.03-05.04.2012

Konča Pirkoska

FRAGMENTI IZ ETIČKOG BREVIJARA

Makedonska grafičarka Dijana Tomić-Radevska po prvi puta se predstavlja zagrebačkoj publici s njezinim sinkretskim projektom „Grafički bravijar“. U projektu fragmentno su zastupljeni i inkorporirani dva tematski ista, no stilski različito koncipirana ciklusa „Sedam smrtnih grijeha“ i „Recikliranje“. Međusobno isprepleteni, iskolažirani ciklusi, istovremeno referiraju na bibliskom mitu, no i na njegovom permanentnom recikliranju i preljevanju u globalnom suvremenom etičkom kontekstu. Kroz fragmentarno citiranje, reakcentiranje i akcentiranje, autorica u svojem grafičkom pismu problematizira sveopću suvremenu moralnu degradaciju ljudskog bića. Sa tendencioznim, tehnički nepreciznom izvedbom jednim diom dijela zastupljenih motiva i kroz reducirano korišćenje boja, Tomić-Radevska pretendira preko estetike ružnog, vizualno da je udvostruči, da potencira deprimirajuću moralnu sliku svjeta u kojem živimo, ne samo kao singularna, već i kao kolektivna bića. S druge strane, u „recikliranim“ minijaturnim, apstraktno tretiranim grafičkim listovima, u koima dominira poetika ljepote, autorica pokušava kroz ritmičku postavu i koloristično obogaćivanje, da smekša, da osvjetli tamnu stranu etičkog diskursa i da uspostavi ravnotežu generalnog koncepta. No u pottekstu narativne strukture, izvire, emanira se aura unutarnje deformirane ogledalne slike u kojoj se možemo opservirati, prepoznati sebe kao etički osakaćena bića, no i kao bića pripremljena za moguću individualnu duhovnu autokritiku i auto-etizaciju.

Motive besmrtnih, multipliciranih, vidljivo-nevidljivih „grjehova“, koji su reciklirani i različito stilski varirani, možemo ih percipirati kao autoispovjest, kao unutarnje duhovno samopročišćenje Tomić-Radevske. Njezin grafički etički brevijar, apelira nam da ga tumačimo kao molitvenik za isceljivanje našeg poročnog er-etičkog bića i da ga prihvatimo kao dar, s koim, svaki od nas će pojedinačno, svakodnevno širiti i afirmirati ideju o panmoralizmu.

Конча Пиркоска

ФРАГМЕНТИ ОД ЕТИЧКИОТ БРЕВИЈАР

Македонската графичарка Дијана Томиќ-Радевска за прв пат се презентира пред загребската публика со нејзиниот синкретички проект „Графички бревијар“. Во проектот фрагментарно се застапени и инкорпорирани два тематски исти, но стилски различно конципирани циклуси „Седумте смртни гревови“ и „Рециклирање“. Заемно испреплетените, исколажирани циклуси, истовремено реферираат на библискиот мит, но и на неговото перманентно рециклирање и прелевање во глобалниот современ етички контекст. Низ фрагментарното цитирање, реакцентирање и акцентирање, авторката во своето графичко писмо ја проблематизира сеопштата современа морална деградација на човечкото битие. Со тенденциозното, технички непрецизно изведување на дел од застапените мотиви и низ редуцираното користење на бојата, Томиќ-Радевска претендира преку естетиката на грдото, визуелно да ја удвои, да ја потенцира депримирачката морална слика за светот во кој опстојуваме, не само како сингуларни, туку и како колективни битија. Од друга страна, во „рециклираните“ минијатурни, апстрактно третирани графички листови, во кои доминира поетиката на убавото, авторката се обидува низ ритмичката поставка и колористичкото збогатување, да ја омекне, да ја осветли темната страна на етичкиот дискурс и да ја воспостави рамнотежата на генералниот концепт. Но во потекстот на наративната структура, ни се еманира аурата на внатрешно деформираната огледална слика во која можеме да се опсервираме, да се препознаеме себеси како етички осакатени битија, но и како битија подготвени за можна индивидуална духовна автокритика и авто-етизација.

Мотивите на бесмртните мултиплицирани видливо-невидливи „гревови“ кои се рециклирани и различно стилски варирани, може да ги восприемаме како автоисповест, како внатрешно духовно самопрочистување на Томиќ-Радевска. Нејзиниот графички етички бревијар ни апелира да го толкуваме како молитвеник за исцелување на нашето порочно ер-етичко битие, и да го прифатиме како дар, со кој, секој од нас, поединечно, секојдневно напорно ќе ја шири и ќе ја афирмира идејата за панморализмот.

ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА

Родена во Скопје, 1961 год.
Дипломирала 1984 год на Одделот Графика, на ФЛУ. Член На ДЛУМ од 1985 г. Студијски престој во Дрезден при отворено графичко студио 1997 г. Изработува дизајни за уникатни рачно-ткаени теписи за Комрад-Дизајн. Од 1999 Официјален Витез на Академијата “Greci Marino”, Вербано - Италија, оддел за уметност.
Самостојни изложби: Скопје: 1998, 1992, 1995, 1996, 1998, 2002, 2005, 2010, 2012; Охрид: 1988, 1992, 1995; Гевгелија: 1985; Куманово: 1995; Штип: 1995; Милано: 1996; Мастрихт: 1997; Ахен: 1998; Загреб: 1999; Битола: 1999, 2003; Фриментал: 2000; Берлин: 2006; Њујорк: 2006; Белград: 2009; Прилеп: 2011; Загреб: 2012.
Селектирани групни изложби: Скопје, Битола, Синт Никлаас, Париз, Дрезден, Санремо, Софија, Ваљево, Варна, Офенбах на Мајна, Краков, Шамалиер, Фалун, Подгорица, Белград.
Дела во Колекции: Светска Банка во Вашингтон ДЦ, Скопје, Аспен; Лондон, Liberty; Приватни колекции во USA; Австрија, Франција, Холандија, Англија, Канада, Австралија итн. Македонски Амбасади (Италија, Белгија, ОН, УСА); Странски Амбасади и други репрезентативни Институции во Македонија.

DIJANA TOMIĆ RADEVSKA

Rođena u Skopju, 1961 god.
Diplomirala 1984 god na Odjelu Grafike, na Fakultetu likovnih umjetnosti(FLU). Studijski boravak u Drezdenu na otvorenom grafičkom studiu. Izrađuje dizajn za unikatne, ručno tkane tepihe za Komrad-Dizajn. Od 1999 Oficijalan Vitez na Akademiji “Greci Marino”, Verbano-Italija, odio za umjetnost. Od 2007 predaje likovnu umjetnost u Internacionalnoj srednjoj školi, IHS u Skopju. Radi kao samostalni umjetnik i dizajner.
Samostalne izložbe: Skopje: 1992, 1995, 1996, 1998, 2002, 2005, 2010, 2012; Ohrid: 1988, 1992, 1995; Gevgelija: 1985; Kumanovo: 1995; Stip: 1995; Milano: 1996; Mastriht: 1997; Achen: 1998; Bitola: 1999, 2003; Frimental: 2000; Berlin: 2006; New York: 2006; Beograd: 2009; Prilep: 2011; Zagreb: 1999, 2012.
Selektirane grupne izložbe: Skopje, Bitola, Sint Niklaas, Paris, Dresden, San Remo, Sofia, Valjevo, Varna, Offenbach am Main, Krakow, Shamalier, Falun, Podgorica, Beograd
Dejela u Kolekciji: Svjetska Banka u Washingtonu D.C, Skopje; Aspen; London, “Liberty”; Privatne kolekcie u: USA, Austriji, Francuskoj, Nizozemskoj, Engleskoj, Kanadi, Australiji itd. Makedonske Ambasade (Italija, Belgija, OK, USA); Strane Ambasadi u Makedoniji i druge Reprezentativne Instituciie u Makedoniji.

e-mail: d_tomic_radevska@yahoo.com www.komradrug.com.mk